Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 и 121/24) и член 11, член 16, член 18, член 19, член 54 и член 179 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерката за образование и наука донесе:

# УПАТСТВО

со насоки за формирање, организација и работа на Центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост во основното образование

## Член 1
## Општа одредба

Ова упатство има за цел да обезбеди јасни насоки за формирање, организација и работа на центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост (во натамошниот текст: ЦПУ) во основното образование, за општините и основните училишта, заради обезбедување дополнителна инклузивна поддршка на учениците со попреченост, согласно одредбите од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25, 250/25 и 111/26).

Законската рамка го дефинира инклузивното образование како процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование.

## Член 2
## Формирање центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост од страна на општината

Формирањето центар за поддршка на учењето на ученици со попреченост претставува обврска на општината што произлегува од нејзините законски надлежности за обезбедување услови за остварување на квалитетно основно образование. Центарот се формира во рамките на основно училиште и претставува составен дел од неговата организација, без статус на посебно правно тело. Овој процес се реализира преку координирани активности меѓу општината, училиштата и другите релевантни чинители, со цел да се обезбеди функционален и одржлив модел на поддршка кој може да се развива со текот на времето.

## Член 3
## Иницирање на постапката

Постапката за формирање на ЦПУ ја иницира општината и има водечка улога во планирањето и координацијата на целокупниот процес. Во овој процес, општината соработува со училиштата на својата територија и ги вклучува училишните инклузивни тимови, како и стручните соработници. По потреба, општината воспоставува консултативна соработка со основно училиште со ресурсен центар (во натамошниот текст:ОУРЦ), со цел да се обезбеди стручно насочување уште во раната фаза на планирање.

## Член 4

## Анализа на потреби и капацитети и одлука за избор на основно училиште

Со цел донесување информирана и одржлива одлука, општината изработува анализа на состојбата, потребите и расположливите капацитети. За потребите на анализата, општината бара од основните училишта во својот реон, преку своите училишни инклузивни тимови, да доставаат информации за бројот на ученици со попреченост во училиштето, при што за секој ученик се наведуваат и препорачаните мерки за поддршка на учењето, согласно проценката за попреченост од системот за проценка. Врз основа на доставените информации, како и податоците со кои располага општината за состојбата на училиштата (просторни услови, опременост и кадровски капацитети), Советот на општината донесува одлука за избор на основно училиште во кое ќе се формира ЦПУ на учениците со попреченост. Изборот на училиштето се темели на реална проценка на можностите да се обезбедат соодветни услови, особено од аспект на:

- постоечката екипираност со стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор);
- просторните услови и можноста за нивно унапредување;
- пристапноста и географската поставеност на училиштето.

Одлуката на Советот треба да се темели на релевантни податоци и да содржи јасно образложение, како и насоки за обезбедување просторни, кадровски и финансиски услови, со што се обезбедува нејзина применливост во пракса.

**Член 5**
**Обезбедување услови за работа на ЦПУ**

По донесување на одлуката, општината пристапува кон обезбедување на условите неопходни за работа на ЦПУ. Оваа обврска директно произлегува од нејзината улога во обезбедување на инфраструктурни, кадровски и материјални услови за квалитетно образование. Во оваа фаза се обезбедуваат:

- соодветен и функционален простор во рамките на избраното училиште, при што ЦПУ има капацитет за најмногу до 10 ученици, односно има површина од најмалку 3,6 $m^2$ по ученик (согласно одредбите утврдени во документот Нормативи и стандарди за училишни простории, опрема и наставните средства за основните училишта во Република Северна Македонија[1]);
- стручен кадар, особено специјален едукатор и рехабилитатор, како и вклучување на постојните стручни соработници и наставници;
- основна опрема и наставни средства (согласно одредбите утврдени во документот Нормативи и стандарди за училишни простории, опрема и наставните средства за основните училишта во Република Северна Македонија);
- финансиски средства за започнување со работа.

Недостигот на целосно опремени простории и комплетен стручен кадар не претставува основа за одложување на воспоставувањето на ЦПУ, доколку се обезбедени основните услови за започнување со работа.

По обезбедувањето на условите, училиштето во кое се формира ЦПУ врши усогласување на својата организација и акти. Ова подразбира вклучување на ЦПУ во статутот и систематизацијата на работни места, како и уредување на неговото место во внатрешната организација. Центарот функционира како составен дел на училиштето, при што институционалната одговорност за неговото воспоставување и понатамошно работење е кај училиштето и општината.

**Член 6**
**Кадровска организација**

Воспитно-образовната работа во училиштето во кое е формиран ЦПУ ја реализираат наставници и специјални едукатори и рехабилитатори, а согласно индивидуалните потреби на учениците и врз основа на наод и мислење од системот за проценка, во обезбедувањето на поддршката се вклучува и дополнителен стручен кадар од училиштето во кое е запишан ученикот: психолог, педагог, социјален работник и социолог.

Обезбедувањето кадар не е ограничено само на вработените од училиштето во кое е формиран ЦПУ. Во овој процес во предвид се земаат наставници и стручни соработници од сите основни училишта на територијата на општината, во координација со надлежниот сектор за образование, со цел рационално и ефикасно користење на расположливите ресурси.

**Член 7**
**Организација на работата на ЦПУ на учениците со попреченост**

Воспитно-образовниот кадар во училиштето со ЦПУ ја планира и организира својата работа согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19 година). Со цел навремено и ефикасно планирање на работата, основните училишта во општината најдоцна до крајот на месец јуни доставуваат до училиштето со ЦПУ барање за обезбедување поддршка на учењето на учениците со попреченост, согласно нивниот наод и мислење за функционална проценка. Врз основа на доставените податоци, училиштето со ЦПУ изработува распоред и план за работа и го планира ангажманот на воспитно-образовниот кадар.

Училиштето со ЦПУ ја координира својата работа со останатите основни училишта преку училишните инклузивни тимови и инклузивните тимови за ученик. На ниво на општина, ЦПУ во координација со основните училишта ги следи потребите за поддршка и кадровските решенија; координира со надлежниот сектор за образование во општината

---

преку определено лице – координатор, во однос на организација и распределба на стручниот кадар; иницира разгледување на случаи во кои е потребно обезбедување дополнителна или специфична стручна поддршка.

Во случаи кога потребната поддршка не може да се обезбеди во рамките на училиштето со ЦПУ, се воспоставува координација со основно училиште со ресурсен центар, согласно Упатството за соработка и акцискиот план за работа помеѓу основното училиште и основното училиште со ресурсен центар.

**Член 8**
**Евиденција и документација**

Воспитно-образовниот кадар во училиштето со ЦПУ води педагошка евиденција и документација за учениците кои добиваат поддршката во ЦПУ. Индивидуалната документација за ученикот содржи:

- наод и мислење за функционална проценка од системот за проценка на лица со попреченост;
- модифицирана наставна програма, изготвена од инклузивниот тим за ученик;
- план и распоред на работа со ученикот, согласно модифицираната програма;
- евиденција за индивидуалната работа со стручно лице.
- Училиштето во кое е основан ЦПУ во својата годишна програма за работа ја вклучува и работата на ЦПУ, како и акциски план за поддршка и соработка со останатите основни училишта во општината. Извештајот за работата на ЦПУ е составен дел од годишниот извештај за работа на училиштето.

**Член 9**
**Нивоа на поддршка на учењето на учениците со попреченост**

Ефективноста на системот на поддршка на учениците со попреченост зависи од јасно дефинирана, координирана и навремена соработка помеѓу сите релевантни структури. Согласно Концепцијата за инклузивно образование, мерките и активностите на поддршката се прилагодуваат зависно од индивидуалните потреби на учениците со попреченост. Оттука, инклузивниот пристап подразбира неколку видови поддршка и тоа: општа (се обезбедува на ниво на училиште од страна на наставниците и стручните соработници), интензивирана (насочена кон ученици кои следат настава по индивидуален образовен план-ИОП) и посебна (насочена кон ученици кои следат настава по модифицирана наставна програма). Поддршката се организира и реализира во основното училиште во кое е запишан ученикот, центарот за поддршка на учењето и основното училиште со ресурсен центар.

Поддршката на учениците со попреченост се организира на три нивоа, кои се надоврзуваат и се применуваат постепено, во зависност од потребите на ученикот:

1. **Прво ниво – поддршка на ниво на училиште:** Поддршката ја обезбедуваат наставниците, стручните соработници и училишниот инклузивен тим, преку прилагодување на наставата, изработка и спроведување на индивидуален образовен план и примена на соодветни стратегии.
2. **Второ ниво – поддршка преку Центарот за поддршка:** Кога поддршката на ниво на училиште не е доволна, се вклучува Центарот за поддршка. Центарот обезбедува дополнителна стручна проценка, предлага и реализира насочени интервенции и обезбедува директна и консултативна поддршка, со цел да го зајакне капацитетот на училиштето.
3. **Трето ниво – специјализирана стручна поддршка преку ОУРЦ:** Во ситуации кога потребите на ученикот бараат дополнителна специјализирана стручна поддршка, училиштето, преку училишниот инклузивен тим, иницира вклучување на основно училиште со ресурсен центар (ОУРЦ). ОУРЦ обезбедува специјализирана проценка, стручни препораки, насоки и менторска поддршка, врз основа на индивидуалните потреби на ученикот во рамки на ЦПУ, во соработка со инклузивниот тим за ученик и другите релевантни чинители вклучени во неговата поддршка.

Поддршката се организира по принцип на постепено засилување, при што секое ниво на поддршка се активира врз основа на стручна проценка и во координација помеѓу сите вклучени чинители.

Училишниот инклузивен тим (УИТ) се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, а инклузивниот тим за ученик (ИТУ) работи по индивидуален образовен план (ИОП) и модифицирана програма. Тимовите се меѓусебно поврзани, при што, УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и се грижи тие да бидат усогласени и применувани во работата, а ИТУ во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици, изготвувањето и реализирањето на ИОП и модифицираната наставна програма.

Училиштето со ЦПУ се вклучува со поддршка и интервенции кога на ученикот со попреченост му е потребна дополнителна специјализирана стручна поддршка. Во рамките на својата надлежност, училиштето во кое е основан ЦПУ учествува во:

- Процесот на проценка на образовните потреби на ученикот, преку дополнителна стручна анализа со цел подобро разбирање на функционалните способности, бариерите во учењето и потребната индивидуализирана поддршка. Врз основа на проценката, ЦПУ предлага конкретни стратегии за поддршка, кои се однесуваат на прилагодување на наставните содржини (изработка на ИОП), избор на методи и пристапи, организација на учењето и користење соодветни дидактички и асистивни средства;
- Давање директна поддршка на ученикот кога тоа е во негов најдобар интерес, особено во случаи кога ученикот учи според модифицирана наставна програма во која е дадена препорака за обезбедување поддршка во рамки на Центарот за поддршка на учењето. Директната индивидуализирана поддршка на учениците со попреченост се реализира индивидуално или во мала група (до пет ученици со комплексни потреби, поделени во групи според воспитно-образовните периоди) и е насочена кон развој на компетенции согласно резултатите на учење утврдени во модифицираната наставна програма. Притоа, ЦПУ активно учествува во подготовката, следењето и ревидирањето на модифицираната програма;
- Ученикот со попреченост модифицираната програма да ја следи целосно во училиштето во кое е запишан, при што поддршката се обезбедува во соработка со училиштето со ЦПУ. Дел од програмата може се реализира во ЦПУ само по предлог на ИТУ и со согласност на родителот/старателот;
- Училиштето со ЦПУ обезбедува поддршка на наставниците во планирање и реализација на наставата, преку давање конкретни насоки за работа со ученикот со попреченост, демонстрација на пристапи и техники и заедничко планирање на активности;
- Училиштето со ЦПУ обезбедува поддршка на родителите/старателите на учениците со попреченост преку нивно активно вклучување во процесите на планирање, реализација и следење на напредокот од примената на индивидуализираната поддршка на учењето со нивното дете. Насоки за работа во домашни услови се даваат исклучиво кога тоа е утврдено со наод и мислење од системот за проценка;
- Логопедска поддршка се обезбедува во координација со основно училиште со ресурсен центар или здравствена установа каде се нуду ваква услуга, согласно утврдените потреби;
- Во рамки на својата функција, ЦПУ обезбедува и мобилна поддршка за други основни училишта во општината, со цел да се обезбеди рамномерна достапност на поддршката на учењето на учениците со попреченост;
- ЦПУ ја остварува својата стручна и оперативна улога во обезбедување на индивидуализирана поддршка на учењето во рамки на училиштето и во координација со училишниот инклузивен тим и инклузивниот тим за ученик.

За сите наведени активности, училиштето со ЦПУ воспоставува соработка и добива менторска поддршка од основното училиште со ресурсен центар. За покомплексни и поспецифични ситуации кога ЦПУ нема доволни просторни, кадровски и технолошки услови, во консултација со ОУРЦ се предлагаат оптимални решенија прилагодени на потребите и контекстот.

Училиштето со ЦПУ води збирна евиденција за обезбедената поддршка, како основа за планирање и развој на следните чекори. Оваа евиденција има развојна, а не административно-оптоварувачка функција. Водењето евиденција на никој начин не смее да го загрози интегритетот, достоинството, добросостојбата и најдобриот интерес на детето.

**Член 10**
**Поддршка од основно училиште со ресурсен центар**

Основното училиште со ресурсен центар има клучната улога во обезбедување стручна, менторска и консултативна поддршка при формирањето и работата на Центарот за поддршка на учењето. ОУРЦ има стручна, но не и управувачка улога во процесите поврзани со работата на училиштето во кое е формиран ЦПУ и во основните училишта на кои им обезбедува поддршка. ОУРЦ обезбедува стручна, менторска и консултативна поддршка во рамките на своите капацитети и компетенции. Врз основа на документирана процена на потребите, како и во случаи на комплексни и специфични ситуации, училиштето со ЦПУ доставува барање за поддршка до ОУРЦ. Поддршката која ја обезбедува ОУРЦ опфаќа:

- Стручна поддршка за јакнење на капацитетите на кадарот ангажиран во ЦПУ, преку специјализирани обуки за обезбедување соодветна поддршка на учениците со попреченост, согласно со нивните потреби и со препораките од Системот за проценка на лица со попреченост;
- По потреба и по барање на ЦПУ, номинира претставник од редот на вработените во ОУРЦ за учество во тимот за изработка и реализација на модифицираната програма за ученици со комплексни потреби.
- По потреба и по барање на ЦПУ, номинира претставник од редот на своите вработени при процена на поспецифични потреби на учениците со попреченост, од аспект на процена на потребите од асистивна технологија и учествува во

предлагање решенија за обезбедување на асистивна технологија и нејзина имплементација во наставниот процес. За поспецифични случаи, предлага соработка со специјализиран лиценциран давател на оваа услуга;
- Обезбедува стручна поддршка при процена и обезбедување соодветни наставни средства и прилагодување на средината за учење за ученици со посебни образовни потреби
- Обезбедува стручна поддршка на кадарот во ЦПУ при развој на модули и материјали за обука на наставниот кадар од основните училишта, а по потреба и по барање на ЦПУ учествува и реализира дел од модулите на обуките;
- Споделува материјали, алатки и механизми за раководење, следење, евидентирање и документирање на работата на Центарот, и
- Учествува во други активности, на барање на ЦПУ, за кои Центарот има документирани и аргументирани податоци базирани на процена на потребите.

**Член 11**
**Постоечка структура и транзиција**

Со воведувањето на Центрите за поддршка, постојната организација на образовната поддршка за учениците со попреченост не се укинува, туку се трансформира. Овој процес на транзиција обезбедува континуитет на поддршката и постепено преминување кон новиот модел.

Постојните посебни паралелки при основните училишта, од учебната 2020/2021 година, продолжуваат со работа како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост. Со ова, нивната функција се менува од изолирана организација на настава кон обезбедување стручна поддршка за учениците со попреченост и за наставниот кадар во рамки на училиштето и за другите училишта во општината.

Притоа:

- функцијата се пренасочува од посебна паралелка кон обезбедување индивидуализирана и стручна поддршка ;
- поддршката е насочена кон активно учество на учениците со попреченост во редовниот воспитно-образовен процес;
- училиштето ја задржува одговорноста за воспитно-образовниот процес на учениците со попреченост, а Центарот обезбедува стручна поддршка.

Транзицијата се реализира преку организациска и функционална трансформација на постојните посебни паралелки во центри за поддршка на учењето.

Во практична смисла, ова подразбира:

- обезбедување континуирана поддршка за учениците;
- вклучување на постојниот стручен кадар во работата на Центарот;
- постепено унапредување на организацијата, начинот на работа и функциите на Центарот за поддршка.

Транзицијата треба да се реализира планирано и координирано, со јасна насока дека крајната цел е воспоставување на функционален Центар за поддршка кој ќе обезбедува поддршка на ниво на училиште и општина.

Во однос на центрите за поддршка формирани во рамки на основните училишта со ресурсен центар (ОУРЦ), тие продолжуваат да функционираат во согласност со нивната улога како дел од поширокиот систем на поддршка.

Овие центри обезбедуваат поддршка за учениците запишани во училиштето со ресурсен центар, како и поддршка во случаи кога е потребна повисоко специјализирана интервенција. Нивната работа е поврзана со функцијата на ресурсниот центар како трето ниво на поддршка.

Дополнително, тие обезбедуваат поддршка и за ученици со попреченост за кои, врз основа на наод и мислење од системот за проценка на лицата со попреченост, е дадена препорака за обезбедување поддршка во Центар за поддршка во рамки на ОУРЦ.

Во таа насока, центрите во рамки на ОУРЦ:

- не ја заменуваат улогата на центрите за поддршка формирани во општинските училишта;
- обезбедуваат стручна и специјализирана поддршка кога локалните капацитети не се доволни;
- придонесуваат за јакнење на капацитетите на училиштата и центрите преку експертска поддршка.

Разграничувањето на улогите е суштинско: центрите за поддршка во општинските училишта обезбедуваат редовна стручна поддршка (второ ниво), додека ресурсните центри и нивните структури обезбедуваат високо специјализирана поддршка (трето ниво).

**Член 12**
**Улоги и одговорности на релевантните чинители**

Формирањето и функционирањето на Центарот за поддршка на учењето претставува комплексен и координиран процес кој опфаќа повеќе меѓусебно поврзани фази, од иницирање на постапката и анализа на потребите, до организација на поддршката, нејзина реализација и следење на ефектите. Целокупниот систем на поддршка за учениците со попреченост се темели на јасно дефинирана распределба на улоги и одговорности, при што секој чинител има специфична надлежност и придонес. Училиштето во кое е формиран ЦПУ и ОУРЦ имаат стручна и оперативна улога во обезбедување и унапредување на поддршката, додека останатите чинители на училишно и општинско ниво обезбедуваат организациска, педагошка и управувачка рамка за нејзино спроведување. Јасната координација меѓу сите учесници е предуслов за ефективно функционирање на системот и за обезбедување континуирана, навремена и соодветна поддршка на учениците. Во продолжение се прикажани улогите и одговорностите на клучните чинители во овој процес.

**Член 13**
**Улогата на општината**

Општината има системска, организациска и финансиска одговорност за воспоставување и обезбедување услови за функционирање на ЦПУ.
Во таа насока, општината:
- го иницира и води процесот на воспоставување на ЦПУ;
- определува основно училиште во кое ќе се воспостави ЦПУ;
- обезбедува просторни, кадровски и материјални услови;
- обезбедува финансиски средства за работа и развој;
- го следи функционирањето и обезбедува услови за унапредување;
- обезбедува координација меѓу училиштата на својата територија;
- назначува одговорно лице за координација и комуникација со основното училиште со ресурсен центар (ОУРЦ), со цел обезбедување навремена и ефикасна стручна поддршка.

Општината има клучна улога во создавање услови и во поврзување на чинителите во системот.

**Член 14**
**Улогата на директорот на училиштето во кое се формира ЦПУ**

Директорот на училиштето има управувачка и организациска одговорност за обезбедување услови за квалитетно инклузивно образование и за функционирање на ЦПУ како составен дел на училиштето. Директорот обезбедува усогласеност меѓу законските обврски, организацијата на училиштето и практичната реализација на поддршката. Тој е дел од инклузивниот тим, и има клучна улога во обезбедување услови, координација и одговорност за целокупното функционирање на системот на поддршка во училиштето. Во таа насока, директорот:
- обезбедува услови за воспоставување и работа на ЦПУ;
- ја организира внатрешната структура и распределба на обврските поврзани со поддршката;
- обезбедува услови за функционирање на Инклузивниот тим за ученикот;
- обезбедува ангажман и соработка на наставниците и стручните соработници;
- создава услови за реализација на индивидуален образовен план и модифицирана наставна програма;
- обезбедува соработка на Центарот за поддршка со општината и по потреба со ОУРЦ;
- го следи и оценува квалитетот на обезбедената поддршка;
- иницира мерки за унапредување на практиката во училиштето.

.

**Член 15**
**Улогата на инклузивниот тим за ученик (ИТУ)**

ИТУ има централна координативна и одлучувачка улога во планирањето, организирањето и следењето на поддршката. ИТУ обезбедува индивидуализиран и координиран пристап, при што сите активности поврзани со ученикот се интегрираат во единствен процес. ИТУ е одговорен за:
- иницијална и континуирана проценка на образовните потреби, врз основа на педагошка документација, опсервации и наод и мислење од системот за проценка на лицата со попреченост;

- планирање на поддршката и утврдување приоритети;
- подготовка, следење и ревидирање на индивидуален образовен план или модифицирана програма;
- координација на сите активности поврзани со ученикот во училиштето;
- барање поддршка од ОУРЦ кога потребите го надминуваат капацитетот на училиштето и ЦПУ;
- следење на напредокот и прилагодување на поддршката;
- обезбедување континуитет и усогласеност во примената на мерките;
- обезбедување активна соработка со родителите/старателите.

ИТУ претставува централна точка на интеграција на сите информации и носење одлуки во најдобар интерес на ученикот.

**Член 16**
**Улогата на наставниците**

Наставниците се директни носители на воспитно-образовниот процес и имаат клучна улога во обезбедувањето услови за ученикот со попреченост да биде активно вклучен во наставата и да напредува во согласност со своите можности. Во рамки на својата улога, наставниците:

- ја планираат и реализираат наставата со примена на диференцирани пристапи и прилагодувања;
- ги применуваат мерките предвидени во индивидуалниот образовен план и модифицираната наставна програма;
- ги идентификуваат бариерите во учењето и предлагаат начини за нивно надминување;
- активно учествуваат во работата на Инклузивниот тим за ученикот (УИТ);
- применуваат стратегии и интервенции препорачани од ЦПУ;
- учествуваат во следење и евидентирање на напредокот на ученикот;
- идентификуваат и укажуваат на потреба од дополнителна поддршка.

Поддршката се обезбедува со вклучување на наставници од сите училишта на територијата на општината.

**Член 17**
**Улогата на стручните соработници**

Стручните соработници се вклучени во процесот на планирање, реализација и следење на поддршката на учениците со попреченост. Во таа насока, стручните соработници:

- учествуваат во проценка на образовните потреби на ученикот;
- даваат стручни насоки за планирање и реализација на наставата;
- активно учествуваат во работата на УИТ и учествуваат во процесите на донесување одлуки;
- учествуваат во подготовка и ревидирање на индивидуален образовен план и модифицирана наставна програма;
- обезбедуваат поддршка на наставниците преку советување и консултации;
- соработуваат со училиштето со ЦПУ и по потреба со ОУРЦ;
- придонесуваат во следење и евалуација на ефектите од поддршката.

Поддршката се обезбедува со вклучување на стручните соработници од сите училишта на територијата на општината.

**Член 18**
**Улогата на родителите/старателите**

Родителите/старателите се активни партнери во процесот на обезбедување соодветна поддршка на нивното дете што е од суштинско значење за постигнување континуитет и ефекти. Тие не се само примател на информации, туку учесници во процесот. Во таа насока, родителите/старателите:

- се информираат и активно учествуваат во планирањето на поддршката;
- даваат информации за потребите, навиките и функционирањето на нивното дете;
- соработуваат со училиштето, УИТ и училиштето со ЦПУ;
- работат на примена на договорените мерки и активности;
- на предлогот на УИТ даваат согласност за нивното дете да посетува дел од модифицираната програма во ЦПУ или ОУРЦ
- го следат напредокот и предлагаат области каде е потребна дополнителна поддршка.

Соработката со родителите се заснова на партнерски однос, доверба и редовна комуникација.

**Член 19**
**Завршна одредба**

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр.__12-8536/1_____

_____29.06.2026____

**Министерка,**
**Проф. д-р Весна Јаневска с.р.**

**Прилог 1**

**Шематски приказ на постапката за формирање ЦПУ**

Иницирање на постапката
▼
Општината спроведува анализа на потребите и капацитетите
▼
Советот на општината избира основно училиште за ЦПУ
▼
Обезбедување просторни, кадровски и материјални услови
▼
Усогласување на актите на училиштето (статут, систематизација)
▼
Формирање и организација на ЦПУ
▼
Доставување барања за поддршка од училиштата во општината
(до крај на јуни)
▼
Изработка на план и распоред за работа на ЦПУ
▼
Обезбедување поддршка на учениците со попреченост
▼
Соработка со: Училишни инклузивни тимови, Инклузивни тимови за ученик, Родители/старатели, • Општина, ОУРЦ
▼
Следење, евиденција, извештаи и унапредување на поддршката

**Прилог 2**

**Улоги и одговорности на релевантните чинители**

| Чинител | Клучни улоги и одговорности |
|---|---|
| **Општина** | Го иницира процесот за формирање на ЦПУ; избира училиште; обезбедува просторни, кадровски, материјални и финансиски услови; ја координира соработката меѓу училиштата и го следи функционирањето на ЦПУ. |
| **Совет на општина** | Донесува одлука за избор на училиште во кое ќе се формира ЦПУ врз основа на анализа на потребите и капацитетите. |
| **Директор на училиштето со ЦПУ** | Обезбедува услови за работа на ЦПУ; ја организира внатрешната структура; го координира кадарот; ја следи и унапредува работата на ЦПУ; обезбедува соработка со општината и ОУРЦ. |
| **Центар за поддршка на учењето (ЦПУ)** | Обезбедува стручна поддршка за учениците со попреченост; поддршка на наставниците и родителите; учествува во проценка, планирање и реализација на поддршката; води евиденција и документација. |
| **Училишен инклузивен тим (УИТ)** | Ги креира и следи инклузивните политики и практики на ниво на училиште; обезбедува координација на инклузивниот процес. |
| **Инклузивен тим за ученик (ИТУ)** | Врши проценка на образовните потреби; изготвува и следи ИОП и модифицирани програми; го следи напредокот на ученикот; предлага дополнителна поддршка. |
| **Наставници** | Реализираат прилагодена настава; применуваат мерки од ИОП и модифицирани програми; следат и евидентираат напредок; соработуваат со ЦПУ и ИТУ. |
| **Стручни соработници** | Учествуваат во проценка на потребите; даваат стручни насоки; обезбедуваат советодавна поддршка; учествуваат во подготовка и ревизија на ИОП и модифицирани програми. |
| **Основно училиште со ресурсен центар (ОУРЦ)** | Обезбедува специјализирана стручна, менторска и консултативна поддршка; помага при сложени случаи; учествува во јакнење на капацитетите на ЦПУ. |
| **Родители/старатели** | Активно учествуваат во планирањето и следењето на поддршката; соработуваат со училиштето и ЦПУ; даваат согласност за активности поврзани со поддршката на ученикот. |